**Милиционерите** не се род од Лешок и затоа не ги сместив во поднасловот родови на Лешок, туку, ова беа семејства од повеќе места од Македонија, кои дојдоа заедно со милиционерите, кои работеа во Милиционерската станица во Лешок и Теарце. Неколку семејства живееја во поранешната зграда на Општината, а други беа сместени и живееја во неколку куќи во Лешок. Децата на милиционерите учеа со нас во школото во Лешок, Непроштено и Теарце.

Со мене во ист клас учеа Трајче Андонов Стојановски, кој има син Зоран, дојдени од Радовиш и Цане Атанасовски с. Кукуречани, Битола. Генерација по нас учеа и Никола Николовски, кој има син Сашо, дојдени од с. Зубовце и Олгица Ристовска м. Серафимова од с. Волковија, нејзиниот брат Јордан Ристовски, потоа Рада Трпевска, Томе Кузмановски, Борис Чоловски, Ѓорѓи Чоловски и др.).

Семејствата на милиционерите, нивните деца, кои учеа во Лешок, како и внуците се приврзани и комуницираме до 2026 год. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 43-66, 55-60, 140 -141,151-155, 156-158 и 159-193, Р. бр. 18, стр. 150-151, 167, Р. бр. 3 и 23, стр. 237-243, Р. бр. 19, 25-32 и 45-49 и Р. бр.25, стр.232-32, 59-60, 64-67, 119 и 170-171).

**в. Речник,** (Р. бр.18, стр.50,150-151,167,172-173,232,285,), **Генерациа, Милиционери, одбојка, Општина, средба, Школо,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |  |
| Андон + | Трајче | Јордан | Борис | Олгица | Никола | Рада | Томе |

xxx

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |
| Драган + | Цане + | Веле | Зоран | Ѓорѓи | Горан | Сашо |

Подолу внесов фотографии, поврзани со работата и живеењето на милиционарите во Лешок

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Милиционерска станица, Лешок, фото, М.С. | Милиционерите од Лешок, играат одбојка | Зграда на старата Оптина, фото, Ане, В. |

Во овие години повеќе лица купија плацови и изградија нови убави куќи, кои им се наменети за викенд и рекреација и одмарање и истите не се евидентирани како жители на Лешок.

Се надевам дека за новоизградените викендици и деловни објекти во Лешок некој друг ќе ги запише и евидентира во некој друг текст или книга.

Јас, во овој момент толку можев и толку напишав. Со новите градби и урбанистички решенија, Лешок, веќе личи на некоја модерна селска населба и се рушат старите македносни селски градби и традиционални вредности, кои беа доминантни во моето детсво.